Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот музичко образование за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА
ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
АУТИЗАМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2009

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ја усовршува аудитивната перцепција на различни шумови;
- да се поттикнува да ги препознава звуците и шумовите од природата и околината;
- да се поттикнува да доживива пријатни чувства и задоволство при аудитивна перцепција на звуци и тонови;
- да се оспособува успешно да имитира одредени звуци и гласови;
- да се поттикнува да ги идентификува и именува изворите за звук, шум и тон;
- да се поттикнува да го збогатува речничкиот фонд со нови зборови и фрази;
- да се оспособи за пеење преку имитација и водење од друг;
- да развие пријатни чувства и задоволство при движење на музичка подлога;
- да се оспособи за игри и танцување со носење, фрлање и додавање предмети;
- да стекне претстава за карактерот на музиката (весела, тажна, брза, бавна);
- да се оспособи за развивање пријатни чувства и задоволство при слушање музика;
- да се оспособи за слушање и имитирање на познати фрази, зборови, реченици во форма на мелодија;
- да се запознае со некои детски музички инструменти;
- да се запознае со новите аспекти на музичката околина;
- да развие осет за ритам;
- да се стимулира да го коригира неадекватното однесување;
- да се поттикнат позитивни чувства при создавање на музички тонови;
- да се стимулира правилно да се ориентира во просторот;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- да се оспособува за активно слушање на музиката;
- да препознава музика од различни инструменти;
- да ги памети, повторува, користи движењата во музичко – ритмички активности;
- да го идентификува и употребува ритамот;
- да создава интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви и др.;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА 1: ЗВУЦИ, ШУМОВИ И ТОНОВИ* (ориентационо 16 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се оспособи за аудитивна перцепција на различни шумови;<br>- да ги препознава звуците и шумовите од природата и околината;<br>- да имитира звуци и шумови од природата и околината;<br>- да се оспособи за аудитивна перцепција на различни звуци;<br>- да се оспособи за аудитивна перцепција на пријатни и непријатни звуци;<br>- да разликува пријатни и непријатни звуци;<br>- да препознава одредени звуци;<br>- да се оспособи да ги разликува звуците;<br>- да ги поврзува звуците со нивниот извор преку слика;<br>- да се оспособи за | -Перцепција на звуци, шумови и тонови<br><br>-Разликување и имитација на звуците, шумовите и тоновите. (повторување)<br>- Извори на звуци, шумови и тонови<br><br>(Напомена: звуците, шумовите и тоновите, како програмско подрачје на учениците со аутизам им овозможуваат да создадат врска со светот и околината што ги окружува. Усвоените знаења ќе им служат како основа за сите останати содржини кои ќе треба да ги усвојуваат.) | - Звуци и шумови од природата<br><br>- Звук-слика<br>- Звук-предмет<br><br>- Имитација на звуци и тонови<br>Високи и ниски тонови (повторување)<br><br>- Свирка<br>- Сирена<br>- Автомобил<br>- Лист<br>- Дрво<br>- Тетратка<br>- Пијано<br>- Виолина<br><br>- Звук-има<br>- Звук-нема | -Слушање и имитирање на звуци и шумови од природата и околината.<br>- Препознавање и именување пријатни и непријатни звуци преку: слушање на пеењето на птиците, кочење на автомобил, шумолење на лисјата, грмотевици, чкрипење на столче и др.;<br>- Поврзување на звукот/шумот со неговиот извор претставен на слика и/или преку конкретен предмет;<br>- Имитација и повторување на веќе слушнат звук/тон;<br>- Произведување звук на соодветен извор претставен на слика.<br>- Практични вежби: поврзување на изворот на звук, шум, тон со тастерот кој го продуцира.<br>- Именување на предметите со има/нема (произведува) звук, шум, тон пр.трева-нема, коса-нема, пенкало-има и сл.<br>- Вежби со помош на ИКТ за идентификација на звуци со поврзување на изворот на звукот со произведениот звук.<br>- Вежби со помош на ИКТ за идентификација на тонови со поврзување (извор-тон).<br>- Разликување пријатни и непријатни звуци и тонови со употреба на гестикулација и мимика.<br>- Разликување ниски и високи тонови со претставување на вертикална скала, со употреба на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| аудитивна перцепција на високи и ниски тонови;<br>- да разликува високи и ниски тонови;<br>- да развие пријатно чувство при аудитивна перцепција на звуци и тонови;<br>- да ги запознае изворите на звук, шум, тон);<br>- да знае да ги именува изворите на звук, шум, тон);<br>- да знае кои предмети произведуваат, а кои не произведуваат звук, шум, тон. | | | горе-долу.<br>- Самостојно одредување кој тон ќе биде презентиран на понуден избор на слики од извори на звук, шум, тон). |

**ТЕМА 2: ПЕЕЊЕ (ориентационо 14 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се оспособи да ги перципира звуците и гласовите;<br>- да се оспособи да ги имитира звуците и гласовите;<br>- да се оспособи на | - Репродукција на звуци и тонови<br>-Пеење<br>- Пеење со имитација и водење | - Слушање и репродукција на звуци, шумови и тонови<br>- Правилно дишење<br>- Пеење според илустрација | - Слушање и репродукција на звуци, шумови и тонови од природата и околината.<br>- Препознавање и репродукција преку „пеење” на звучни ефекти од окружувањето.<br>- Вежби за правилно дишење:<br>• дување балон;<br>• дување/лебдење перо;<br>• имитација на тонови со долго траење; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| правилно дишење;<br>- да се поттикнува да го збогати фондот со нови зборови и фрази;<br>- да се поттикнува да чувствува задоволство при пеење;<br>- да се оспособи за репродукција на слушнати мелодиски фрази;<br>- да развива осет за ритам;<br>- да пее песни различни по содржина и карактер.<br>- да се поттикнува да ја јакне самодовербата во текот на пеењето/имитацијата;<br>- да стекне претстава дека дел од композиција може да се отпее на различен начин (висина и јачина);<br>- да стекне претстава дека секој збор и реченица може да се отпее;<br>- да развива интерес за пеење. | | - Ритам<br>(повторување)<br><br>- Повтори<br>- Пак<br>- Повисоко<br>- Пониско<br>- Посилно<br>- Потивко<br>- Песна<br>- Мелодија | • дување топчиња преку цевка.<br>-Пеење според илустрација: според сликите од илустрацијата се создава песна од неколку зборови (кои учениците треба да ги меморираат и пеат).<br>- Имитација и репродукција: пеење на зборови (зборот го пее според своја мелодија).<br>-Пеење по одреден ритам даден од наставникот и/или заедничко „држење'' ритам)<br>- Пеат по музика од инструмент: наставникот им свири на инструмент (пијано) омилени композиции.<br>- Вежби за правилно пеење, држење на телото, вежби за дишење (да пее без напрегање, умерено, со и без гримаси, дигање на рамената, со и без викање и др.).<br>- Практично: наставникот отпева 1-2 такта, а ученикот повторува, кога ќе научи 5-6 такта пеат заедно.<br>- Ученикот повторува варијации на истиот такт (повисоко, пониско, потивко, посилно).<br>- Вежби: учениците и наставникот пеат заедно одредени песни.<br>- Пеење со движење на екстремитетите или тропање според одреден ритам. |

| ТЕМА 3: МУЗИКА И ДВИЖЕЊЕ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да развива осет за ритам;<br>- да се поттикнува да ги усогласи своите движења со ритмот на музиката;<br>- да се оспособи за вршење две активности во исто време;<br>- да се оспособи да пее по шема или налог;<br>- да се оспособи да следи водич низ мелодијата/играта/танцу-вањето;<br>- да развие пријатни чувства и задоволство при движење на музика;<br>- да се стимулира да го отстрани и/или да го намали стравот од физички контакт и допир со другите*;<br>- да се поттикнува да изве-дува движења според позната кореографија;<br>- да запознава и изведува едноставни народни ора;<br>- да се поттикнува за учес-тво во елементарни музички драматизации. | - Музичко - ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскокнување)<br>- Музички игри<br>- Танцување<br><br>- Игри и танцување со носење, фрлање и додавање предмети<br><br>(Напомена: поради отсуството на симболика во комуникациската размена како и синтеза / анализа, учениците со аутизам чувствуваат огромна несигурност во односот со околината и тоа го манифестираат со избегнување на физички контакт и допир со другите. Постигањето на поставените цели во тематското подрачје „Музика и движење“ ќе придонесе за реактивацијата на таа врска со околината.) | - Чекорење<br>- Марширање<br>- Потскокнување<br>- Музички игри<br>- Танц, оро (повторување)<br><br>- Чекор<br>- Број<br>- Носи<br>- Подај<br>- Фрли<br>- Сега | - Изведба на вежби според одреден ритам (чеко-рење, марширање, потскокнување наредени во „воз“):<br>• имитација „Движење на воз според одреден ритам“;<br>• имитација „Движење на воз според музика“;<br>• игра : „Движење на воз со пеење“.<br>- Групна изведба на музички игри (пеење и движење на екстремитетите и делови од телото):<br>• изведба: „Кога си среќен“;<br>• изведба „Во кругот“;<br>• изведба „Стави го на...“(обрач на глава, рака, нога..).<br>- Танцување во парови на одредена музика.<br>- Играње оро во круг, фатени за рака.<br>- Вежби: пеење на еден и повеќе тонови и носење, додавање и фрлање предмет според нацртана шема на подот.<br>- Пеење на еден и повеќе тонови и носсење, додавање и фрлање предмет (со броење на чекорите).<br>- Пеење на еден и повеќе тонови и носење, додавање и фрлање предмет ( според налог на наставникот).<br>- Фрлање предмет во момент на одредена динамика во мелодијата што ја слушаат на ЦД.<br>- Комбинирање на чекорења и потскокнувања.<br>- Учество во музички игри.<br>- Изведба на едноставни танци и ора.<br>- Учество во елементарни музички драматизации. |

| ТЕМА 4: СЛУШАЊЕ МУЗИКА (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да препознава звуци од природата и околината;<br>- да слуша: вокална, инструментална и вокално-инструментална музика;<br>- да стекне претстава за карактерот на музиката (весела, тажна, брза, бавна);<br>- да се оспособи за развивање пријатни чувства при слушање музика;<br>- да се поттикнува да слуша различни видови музика;<br>- да стекне претстава за начините на пеење на она што го слуша;<br>- да стекне потреба за соодветен одговор во конверзацијата;<br>- да се стимулара да ја елиминира и/или да ја намали ехолалијата;<br>- да развие пријатни чувства при слушање на своите мелодизирани фрази и при конверзацијата. | - Слушање звуци од природата и околината<br>- Слушање вокална и инструментална музика<br>- Слушање и имитирање на мелодизирани познати фрази, зборови, реченици.<br>- | - Звук<br>- Шум<br>- Глас<br>- Инструмент<br>- Поп и фолк музика (повторување)<br>- Кажи<br>- Пеј<br>- Слушај | - Слушање и препознавање звуци од природата и околината, на пр., ученикот го слуша пеењето на птиците, кочењето на автомобил, шумолењето на лисјата, грмотевици, шкрипење на столче, гужвање на лист од хартија и др. и со одредени апликации обележува звук-извор.<br>- Драматизација, гестикулација, мимика: на учениците им се презентира различно однесување (расположение) според различниот карактер на музиката (тажна, весела, бавна, брза...).<br>- Слушаат вокално-инструментална музика:<br>а) омилени песнички од „Супер ѕвезда";<br>б) омилени песнички од „Златно славејче";<br>в) песни од изведувачи-деца.<br>- Слушаат музика и гледаат ТВ - спотови на омилени песни и пејачи од поп и народна музика.<br>- Слушаат инструментална музика: наставникот им свири на инструмент ( клавир) омилени композиции.<br>- Наставникот му се обраќа на ученикот со мелодизирани познати фрази.<br>- Ученикот повторува по наставникот и се очекува да му возврати со соодветен адекватен мелодизиран одговор.<br>- Конверзација преку „пеење" со продолжени реплики;<br>- Самостојно слушање и пеење од страна на ученикот на веќе слушнати мелодии. |

| ТЕМА 5: СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае со детски музички инструменти;<br>- да развие осет за ритам;<br>- да се поттикнува да развива позитивни чувства при создавање тонови;<br>- да го коригира неадекватното однесување;<br>- да се поттикнува да импровизира кога сака да „произведе“ звук од предметите од окружувањето;<br>- да стекне претстава за можноста за користење на предметите и материјалите како музички инструменти;<br>- да стекне пријатни чувства при манипулација со предметите и материјалите;<br>- да се запознае со начинот на свирење на детски музички инструменти;<br>- да повторува кратки ритмички мотиви;<br>- да придружува позната | - Запознавање и свирење на детски музички инструменти<br><br>- Запознавање и свирење на детски ритмички инструменти<br><br>- Ритам<br><br>- Свирење на детски инструменти (предмети од околината, животни, автомобили, говорни реплики и др.)<br><br>- Предметите од окружувањето како музички инструменти<br>-<br>- Придружба на песни и кратки ритмички мотиви со детски музички инструменти | - Имиња на инструментите кои се користат во наставата<br>- Свирење<br>- Чукање<br>- Ритам (повторување)<br><br>- Дување<br>- Удирање<br>- Фрлање<br>- Тркалање<br>-„Стружење“<br>- Влечење | - Истражување и свирење на детски музички инструменти (пијано, хармониум, усна хармоника и др.).<br>- Истражување и свирење на детски ритмички инструменти (тапан, триангл и др.).<br>- Вежби: имитација и репродукција на едноставни ритми (на детски музички инструмент или со молив на маса).<br>- Истражување и свирење на детски музички инструменти-играчки кои со притискање произведуваат звуци од животни, сообраќајни средства, говорни реплики, крикови на птици со именување и сл.<br>- Истражување на звучност на предметите од окружувањето (со стапчиња чукање на: маса, стакло, чаши, шишиња, врата, книга, табла и др.), самостојно и со имитација од наставникот.<br>- Свирење на детски ритмички инструменти направени од природни материјали.<br>- Истражување во звучноста на предметите, појавите и нивните карактеристики и меѓусебен однос:<br>• дување со цевка во чаша сок/вода и сл.;<br>• удирање по стаклено шише со различно ниво на вода;<br>• фрлање предмети различни по големина и материјал во длабок сад со вода;<br>• тркалање на едно/повеќе топчиња на различна подлога (со шема на препреките);<br>• „стружење“ музицирање на оптегнати жици со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| песна со одредени ДМИ. | | | различни прачки;<br>• влечење на конец кој од едната страна е врзан и со негово оптегање создавање тонови и звуци.<br>- Едноставна придружба на позната песна со ДМИ. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот музичко образование претставува составен дел на Наставниот план на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам. Се изучува како задолжителен предмет од I до IX одделение, со вкупен фонд од 2 часа неделно, т.е. 72 часа годишно.

Програмата по музичко образование во процесот на наставата за учениците со аутизам се реализира со: посебни содржини, интерактивни вежби. Основната цел е ученикот/ученичката да се запознае со аудитивниот аспект на средината во која учи, живее и е окружен/а. Наставникот треба да го стимулира ученикот да се изразува со помош на песна и музика и притоа да доживува пријатни чувства. Постепено надградените цели, збогатените содржини и разноликоста во активностите во наставната програма по предметот музичко образование за II – одделение, на учениците со аутизам им овозможува надогполнување на нивните веќе усвоени шеми на знаење и искуство од претходното одделение, добивање нови задоволства со вовед во комуникацијата и воочување на нови аудитивно-тактилно-визуелни вистини за околината.

Во програмскто подрачје *„Звуци, шумови и тонови“* и *„Слушање музика“*, преку предвидените содржини и активности учениците најнапред треба да ја прошират и надградат свеста и претставата за аудитивниот аспект на средината што ги окружува. Тие треба да создадат релација меѓу звуците, шумовите и тоновите (кои доаѓаат од нивната околина) со изворите (предметите) од кои се продуцирани. Исто така, се очекува тие да стекнат навика за слушање музика која кај нив ќе буди пријатни чувства.

Во рамките на подрачјата *„Пеење“* и *„Музика и движење“* учениците со аутизам имаат можност преку соодветни содржини, вежби и активности да ја збогатат својата музичка активност и сето стекнато искуство на планот на аудитивната перцепција да го реализираат со помош на песна и движење, преку што се поттикнуваат и воведуваат во светот на мелодијата и ритмот. Сите спомнати сознанија и искуства треба им „обезбедат“ пријатни чувства од музичката или говорната размена со околината што, пак, од друга страна директно влијае на развојот на нивниот говор.

Со реализацијата и увежбувањето на содржините од програмското подрачје *„Свирење на детски инструменти“* учениците треба да се поттикнат и подготват за истражувачки активности (откривање на звучноста на инструментите, предметите и сé она од нивната непосредна околина што произведува звук, шум и тон).

Преку сите овие програмски подрачја од предметот музичко образование учениците воедно создаваат основа за рамнотежа во емоционалниот развој, развој на говорните способности и социјализацијата.

- ***Насоки за меѓупредметно поврзување***

При реализацијата на предметот музичко образование во второ одделение во наставата за учениците со аутизам треба се постигне корелација и интегрирање со речиси *сите* предмети кои се изучуваат поради тоа што корелираните содржините кои се спомнуваат при: вежбите, активностите и игрите, во рамките на овој предмет, зафаќаат голем дел од програмските содржини на речиси сите наставни предмети кои се изучуваат во второ одделение на деветолетката. Така, при вежбите, активностите и игрите по предметот музичко образование се јавуваат: вербалното именување и изговор на предметите и појавите при пеење на детските песнички (македонски јазик); музичките бројалки, меѓусебното групирање и групирањето на предметите (математика); музичките игри во училиште и природа, импровизациите на звуците од околината и сообраќајот итн .(запознавање на околината); пеењето со движење на телото и екстремитетите (физичко и здравствено образование).

За успешно реализирање на поставените цели наставникот треба да изготвува ***неделни индивидуални планови*** за секој ученик, а на крајот од неделата да направи евалвациона постапка за секој ученик поткрепена со ***индивидален евалвационен извештај***.

- ***Препораки за користење на годишниот фонд на часови***

За секое предвидено подрачје предложен е определен годишен фонд на часови, односно:

- **Звуци, шумови и тонови – 16 часа;**
- **Пеење – 14 часа;**
- **Музика и движење – 14 часа;**
- **Слушање музика – 14 часа;**
- **Свирење на детски инстументи – 14 часа.**

Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја дозволени се отстапувања во согласност со *можноста на ученикот/ученичката за усвојување на одредени конкретни цели.*

***Методи, форми и средства на наставната работа***

За сите програмски подрачја предвидени за предметот музичко образование во наставата за учениците со *аутизам* се препорачува користење и нужно комбинирање на сите ***конкретни* интерактивни, актуелни и современи** методи, форми и дидактички и технички средства на наставна работа. Посебен приоритет треба да претставуваат дефектолошките методи и приоди предвидени со начелата за третман за ученици со аутизам (Belgrade integrative method, SMM method, Lowaas method, Teach method, Montesorri method, Daily threatment method,, Holding approach method, Highashi method, ABBA method итн.), кои се применуваат по принципот: *„Одреден конкретен метод да биде избран според индивидуалната конкретна потреба на ученикот и да се примени во толкава мерка колку што на ученикот му е потребна за усвојување на конкретна одредена сорджина, ниту повеќе, ниту*

*помалку*“ Во наставата со учениците со аутизам главно место треба да заземаат и **методот на игра, методот на решавање проблеми и откривачкиот (истражувачкиот) метод** како основни во воспоствување на примарната врска на ученикот со аутизам со новиот наставен реалитет.

- ***Индивидуален приод во наставната работа***

Во согласност со научните сознанија за разликите во развојот на децата, потребно е приспособување на наставната работа кон развојните и индивидуалните потреби и постигања на учениците. Имено, потребна е примена на техники и стратегии кои го преферираат **индивидуалниот приод** во реализацијата на наставната работа со учениците.

- ***Вклучување на родителите во наставната работа***

Семејството претставува примарана образовно-тераписка средина на децата и најважен фактор во детскиот развој. Во тој контекст, во реализацијата на целите, содржините и активностите од наставниот предмет музичко образование треба да се обезбеди **кооперативна комуникација со родителите на учениците и нивно вклучување во работата на училиштето,** во функција на: практицирање и увежбување на одредени програмски содржини (што ученикот ги стекнал во училиште) во домашна/семејна средина (слушање музика, пеење песнички и играње според одредена музика), музички активности на ученикот/ученичката во рамките на семејството, информираност на родителот за текот на развојот на ученикот, соработка со наставникот (во организација и поттикнување на заеднички музички активности (приредби, концерти, детски фестивали) музички игри во друштво на децата од други училишта и други активности.

- ***Наставни средства***

- За реализација на наставната работа по предметот музичко образование **може да се користи секој дидактички материјал**,одобрен од страна на министерот кој одговара на потребите на ученикот/ученичката, а во голема мерка ќе придонесе за успешна реализација на поставените цели (учебници, музички илустрации и фотографии, песнарки, нотарки, музички и ритмички детски инструменти).
- **Извори на учење во непосредната околина**: музички игри, вежби и активности со импровизација на ситуации од секојдневниот живот и околината.
- **Компјутерски образовни софтвери** за развивање на музичко аудитивните-креативни способности- **Toolkid-програмата, e-bay програмата и други верифицирани мултимедиски ЦД-РОМ** со соодветни едукативни и креативни и творечки игри – потврдени од Министерството за образование и наука

- **Традиционално потврдени, одобрени и верифицирани списанија за деца, соодветни на возраста.**
- **Аудиовизуелни, аудитивни, визуелни средства и средства со кинетички својства:**, анимирани музички филмови за деца, видеокасети, ДВД и ЦД-дискови од детски фестивал приредби, цртани филмови со претставување на игри и други предмети во зависност од потребите на предметот.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата во функција на квалитетно планирање и реализирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалнот развој, физичкиот развој и степенот на отстапување во рамки на аутизмот. Исто така, во текот на учебната година наставникот врши евалвација на наставниот процес, ефикасноста на наставата и развојот на учениците, како и на општата состојба на комуникацијата на учениците со аутизам (батеријата тестови за евалвација за деца со аутизам).

***ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Во текот на наставата по музичко образование се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски фотографии и снимени материјали со презентација на пеењето, играњето, свирењето, начинот и однесување на ученикот во текот на активностите и слично за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациски листи за секој ученик, кои се пополнуваат по секоја негова конкретна активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;
- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно. Во нив, наставникот внесува **податоци за постигнувањата и однесувањето на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по музичко образование (когнитивно-интелектуален, социоемоционален, социјален и психомоторички аспект).
  ***Евалвациските листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на нивото на првото одделение и не се преодни за повисокото одделение.***

***МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

*На крајот од второто тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативното оценување кое се претставува со* ***микросумативен извештај/ оценка за ученикот****.*

***СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

***ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО***

- Портфолиото во текот на целата година треба да им е достапно на родителите за да можат и тие да придонесат во квалитетната реализација на наставата по музичко образование.
- Завршната, аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

***НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во согласност со природата на програмата по предметот музичко обазование во второ одделение за учениците со аутизам во која основен аспект се става на поттикнувањето и развивањето на аудитивниот аспект на средината во која детето учи и живее; поттикнувањето за изразување со помош на песна и музика и создавање пријатни чувства и емоции при истите активности, *проверувањето и оценувањето* се врши: практично, како и со помош на практично следење на ученикот низ музичките активности.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука .

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет-Институт по дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *музичко образование* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2013/Г
27.07 2009 год.
СКОПЈЕ

Скопје ______________________

______________________

Никола Тодоров,
министер за образование и наука